# КРИТИКА И ПРИКАЗИ

**Ф. Н. М., По повод написот на Р. Кирјазовски „Новооткриени значајни документи за манастирот Св. Наум“**

**До**
**Редакцијата на „ИСТОРИЈА“ списание на Историските друштва на СР Македонија**
**СКОПЈЕ**

Другар уредник,

Во списанието „ИСТОРИЈА“ бр. 1. Од 1969 година на стр. 181—189 печатен е напис од соработникот на Архивот на Македонија Ристо Кирјазовски под наслов: „Новооткриени значајни документи за манастирот Св. Наум“. Во написот како автор на ракописната книга, која е предмет на разгледување од авторот на написот Ристо Кирјазовски, се споменува свештеникот Стефан Георги, кој „повеќе од четириесет години служел во манастирот Св. Наум, како свештеник“ — како што тврди авторот на написот на стр. 181. Понатаму во написот на истата страна Ристо Кирјазовски тврди дека „авторот (во случајов свештеникот Стефан Георги б. м.) имал поставено за цел да напише дело за целото историско минато на манастирот“. И пак на истата страна продолжува: „авторот имал можност **НЕПОСРЕДНО** да се запознае со тамошните настани...“

Овие неколку категорични тврдења во написот на Ристо Кирјазовски ме побудија да се јавам со ова писмо до Вас другар уредник, со молба во еден од наредните броеви на списанието „ИСТОРИЈА“, а во интерес на објективноста и историската вистина за која треба да се бори Вашето списание, да ги објави моите забелешки по однос на споменатиот напис, бидејќи тврдењето на Ристо Кирјазовски за авторството на книгата, која ја обработува во споменатиот напис, дека автор на книгата е свештеникот Стефан Георги, не одговара на вистината.

Податоците со кои располагам јас, а во прв ред со оригиналот на ракописната книга на црковногрчки јазик (Ристо Кирјазовски не знаејќи го постоењето на овој оригинал во времето кога го подготвувал написот, тврди дека ракописот што го обработува е оригинал, што не одговара на вистината б. м.) е мојот дедо поп Димитрие Петру од Охрид.*) Тоа го потврдуваат и податоците во ракописната книга на дедо ми, кој во својата ракописна

---

*) Мислата не е доискажана. Секако, се работи за авторството на книгата за која станува збор. (Заб. на Ред.).

автобиографија тврди дека бил назначен за учител и секретар во манастирот Св. Наум во 1855 година. Привремено бил и управител на манастирот, а архиерејски намесник бил сè до неговата смрт во 1903 година. Настаните од 1855 година сè до 1893 сврзани во манастирот Св. Наум во книгата ги опишува како современик. Според тоа единствениот и вистински автор на ракописот за манастирот Св. Наум може да е и е само мојот дедо поп Димитрие Петру. Тој е роден во Охрид во 1822 година. Се школувал во Охрид. Учител му бил Димитрија Миладин од Струга. Подоцна и тој самиот е учител во училиштето Св. Климент во Охрид. Овие податоци земени се од неговата автобиографија, која во ракопис се наоѓа исто така кај мене.

Ристо Кирјазовски во споменатиот напис на стр. 183—184 го споменува и деда ми Димитрија. Сè што пишува за него е точно со содржината на ракописната книга на дедо ми, како и тврдењето дека Стефан Георги не ги препишал фуснотите, кои ги има повеќе во оригиналната книга. Тоа се потврди при малата проверка и сравнување што ја направивме заедно со Ристо Кирјазовски.

Оригиналните потписи на истакнати лица што го посетувале манастирот во самата книга во времето од 1889—1890 се уште една потврда за авторството и оригиналноста на ракописот на книгата што е кај мене.

Сметам дека другарот Кирјазовски неодговорно се однесол што не се погрижил, при обработката на написот, да прибере повеќе податоци за свештеникот Стефан Георги, освен „дека служел повеќе од четириесет години како свештеник во манастирот“. Според веродостојните податоци може со сигурност да се тврди дека споменатиот свештеник Стефан Георги е роден во Албанија на 20. X. 1877 година. Се оженил во 1901 година во Охрид. За свештеник бил ракоположен на 20. X. 1904 година. Според изнесениве податоци, свештеникот Стефан Георги и физички не бил во можност „НЕПОСРЕДНО да се запознае со тамошните настани“ како што тврди Кирјазовски во написот. Свештеникот Стефан Георги умрел на 10 мај 1955 година во Охрид.

Се надевам дека Ристо Кирјазовски, по објавувањето на овие податоци, ќе постапи онака како што тоа го предвидуваат прописите за вакви случаи. На преписот на книгата, што се чува во Архивот на Македонија, заведен под фонд. Св. Наум книга бр. 4, ќе стави потребна забелешка. Притоа во врска со авторството и правата што му припаѓаат на авторот, а не на препишувачот на книгата, како автор на споменатата книга да се цитира поп Димитрие Петру, при користењето на книгата. Исто така во забелешката да се стави дека оригиналот на преписот, којшто се чува во Архивот на Македонија, се наоѓа кај Фоти Масин, пензионер, улица Рашанец бр. 7, Охрид.

Благодарам на Редакцијата.

Охрид, 1972 год.

**Фоти Н. Масин**
пензионер, ул. Рашанец бр. 7
Охрид